ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2

Бр. 02-8535/9

31.10.2022

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

Скопје, октомври 2022 година

Врз основа на член 55, а имајќи ги предвид членовите 48-57 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, и во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во Банка и Кодексот за корпоративно управување за котирани друштва на Македонска берза, Надзорниот одбор на Банката на седницата одржана на ден 31.10.2022 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК
# за работа на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се регулира начинот и постапката на работењето на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Надзорен одбор).

**Член 2**

Одредбите од овој Деловник се задолжителни за сите членови Надзорниот одбор, како и за другите лица кои учествуваат во работата на седниците на Надзорниот одбор.

**Член 3**

За правилната примена на одредбите од овој Деловник се грижи Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик – претседателот.

## II. СОСТАВ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

**Член 4**

Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 (седум) членови, избрани во постапка и услови согласно закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува и разрешува Собранието на акционери на Банката и за својата работа одговараат на Собранието на акционери на Банката.

Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат Претседател и заменик – претседател на Надзорниот одбор.

Доколку претседателот на Надзорниот одбор не е независен член, еден од независните членови на Надзорниот одбор се именува за заменик - претседател на Надзорниот одбор.

**Член 5**

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години, сметано од денот на назначувањето.

Во случај на предвремено престанување на функцијата на членовите на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетите места за остатокот на мандатот.

Исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор на Банката подолго од три последователни мандати.

**Член 6**

Членовите на Надзорниот одбор треба да имаат соодветно знаење и искуство за извршување на своите надлежности, да избегнуваат судир на интереси и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банките.

Членовите на Надзорниот одбор треба заедно да имаат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на кои е изложена.

**Член 7**

Членовите на Надзорниот одбор имаат право и се должни да присуствуваат на седниците на Надзорниот одбор, да учествуваат во работата на Надзорниот одбор, да се запознаат со материјалите за седницата и да ги извршуваат задачите што ќе им ги довери Надзорниот одбор.

## III. КОНСТИТУИРАЊЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

**Член 8**

На првата седница на Надзорниот одбор се врши конституирање на Надзорниот одбор и избор на Претседател и заменик – претседател на Надзорниот одбор за мандатниот период.

**Член 9**

Првата (конститутивна) седница на Надзорниот одбор ја закажува и со работата на истата раководи до изборот на Претседател, Претседателот на Надзорниот одбор од претходниот мандат.

Во случај на спреченост на Претседателот на Надзорниот одбор од претходниот мандат, правата (конститутивна) седница ја закажува и со неа раководи највозрасниот член на новоименуваниот Надзорен одбор или друг член на Надзорниот одбор кој претходно ќе биде избран од останатите членови на Надзорниот одбор на Банката и ќе раководи со работата на истата до конституирањето на Надзорниот одбор, односно до изборот на Претседател.

**Член 10**

Претседавачот со првата конститутивна седница на Надзорниот одбор прво утврдува дали има кворум за работа на Надзорниот одбор согласно член 19 став 1 од овој Деловник.

Ако утврди дека постои потребен кворум, се преминува кон избор на Претседател и заменик – претседател на Надзорниот одбор.

**Член 11**

Претседавачот ги става на гласање предлог-кандидатите за избор на Претседател и заменик – претседател по оној редослед како се предложени.

Гласањето се врши согласно 35 став 5 од овој Деловник, а за избран се смета оној кандидат кој добил најголем број на гласови од вкупниот број на членовите на Надзорниот одбор.

Ако ниеден од кандидатите не го добие потребниот број на гласови од претходниот став, се врши предлагање на нови кандидати за Претседател и заменик – претседател на Надзорниот одбор.

**Член 12**

По изборот на Претседател на Надзорниот одбор, со седницата продолжува да раководи и претседава избраниот Претседател на Надзорниот одбор.

## IV. НАДЛЕЖНОСТИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

**Член 13**

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.

Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката како и навремено и точно финансиско известување на Народна банка.

Надзорниот одбор ги врши и следните работи:

1. Ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;
2. Именува и разрешува членови на Управниот одбор на Банката;
3. Именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици;
4. Именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;
5. Именува и разрешува членови на Кредитниот одбор на Банката;
6. Именува и разрешува членови на Одборот за надгледување на информативната технологија;
7. Го усвојува финансискиот план на Банката;
8. Го одобрува воспоставувањето и организацијата на системот на внатрешна контрола;
9. Организира Служба за внатрешна ревизија;
10. Го одобрува годишниот план на Службата за внатрешна ревизија;
11. Ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;
12. Ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;
13. Усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;
14. Усвојува политика за наградување во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;
15. Ја усвојува политиката за системот за заштита на личните податоци на Банката;
16. Донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
17. Ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката;
18. Ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
19. Ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;
20. Ги разгледува извештаите на Службата за внатрешна ревизија;
21. Ги разгледува извештаите на Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам,
22. Ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката,
23. Одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија;
24. Одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;
25. Го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност поголеми од 5% од сопствените средства на Банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Република Северна Македонија;

26. Го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
27. Ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
28. Ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народна банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;
29. Го одобрува Годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката;
30. Го разгледува Извештајот на Друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери;
31. Го усвојува кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката
32. Го усвојува етичкиот кодекс на Банката;
33. Ги одобрува суштествените внатрешни организациски промени во Банката коишто се однесуваат на основање/укинување сектори, самостојни дирекции и служби во Банката;
34. Врши оцена на работењето на Управниот одбор на Банката и предлага евентуално наградување на Управниот одбор еднаш годишно;
35. Одлучува за други прашања утврдени со Статутот или други акти на Банката и законските и подзаконските прописи.

Надзорниот одбор е должен:

-да ја усвојува деловната политика на банката и да го следи нејзиното спроведување;

-да е активно вклучен во надзорот над работењето на банката, да е во тек со значајните промени во нејзиното работење и во нејзиното окружување и да дејствува навремено за заштита на долгорочните цели на банката;

-да ги усвојува и да ја следи примената на политиките и интерни акти коишто се во негова надлежност и да врши нивно редовно ревидирање;

-заедно со управниот одбор, да воспостави и промовира корпоративна култура и вредности во банката;

-да врши самооценување и оцена на членовите на одборот за управување со ризиците, одборот за ревизија и управниот одбор, согласно со политиката за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризиците, одборот за ревизија и управниот одбор;

-да ги дефинира правата и одговорностите на законски пропишаните одбори и на управниот одбор, како и да ја дефинира соработката со управниот одбор на банката;

-заедно со управниот одбор, да го утврди прифатливото ниво на ризик, имајќи ги предвид пазарната конкуренција, регулаторните барања, долгорочните цели на банката, изложеноста на ризиците и капацитетот за преземање ризици, што подразбира и усогласеност на прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал и системот за наградување;

-да го воспостави и следи спроведувањето на системот за управување со ризиците, вклучувајќи го и работењето на одборот за управување со ризиците;

-да ја воспостави и да го следи спроведувањето на внатрешната ревизија и да го следи работењето на одборот за ревизија;

-да го следи финансиското работење на банката и начинот на кој се извршува финансиското известување;

-да го следи системот на наградување во банката, да врши оцена дали е тој во согласност со политиката за наградување, културата на ризик и капацитетот за преземање ризици на банката и да ја одобри висината на вкупниот надоместок што го добива секој член на управниот одбор и секое од лицата надлежни за функциите на контрола;

-да го следи спроведувањето на интерните акти на банката за заштитено пријавување;

-да ги разгледува трансакциите со поврзаните лица со банката;

-да го следи работењето на лицата надлежни за функциите на контрола.

**Член 14**

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно, како и пред секое именување на нов член на надзорниот одбор и пред повторно именување постоен член на надзорниот одбор, врши оцена на соодветноста на кандидатот за член, односно на членот на надзорниот одбор, којашто вклучува поединечна оцена на соодветноста на кандидатот за член, односно на членот на надзорниот одбор и оцена на соодветноста на членот на надзорниот одбор заедно со останатите членови и за тоа го известува Собранието на Банката.

Надзорниот одбор поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Банката во кој е содржана и: годишната оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно, оцена на големината и составот на надзорниот одбор, големината и составот на законски пропишаните одбори и нивната меѓусебна соработка, оцена на ефикасноста на надзорот што го врши надзорниот одбор и оцена на ефикасноста на законски пропишаните одбори.

## V. СВИКУВАЊЕ СЕДНИЦА

**Член 15**

Надзорниот одбор работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик -претседателот.

**Член 16**

Седниците на Надзорниот одбор се одржуваат најмалку еднаш квартално.

Седница на Надзорниот одбор на Банката задолжително се свикува по барање на една третина од членовите на Надзорниот одбор или на Управниот одбор во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

**Член 17**

Свикувањето на седниците на Надзорниот одбор се врши по писмен пат, со доставување на предлог дневен ред и материјали.

Во поканата се определува денот, часот и местото на одржување на седницата

Предлогот за дневниот ред за седницата го утврдува Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик -претседателот.

Предлог - дневниот ред и материјалите за седница на Надзорниот одбор може да се доставaт до членовите на Надзорниот одбор и по електронски пат.

**Член 18**

Поканата за седница со предлогот на дневниот ред и предлог материјалите за седницата се доставуваат до членовите на Надзорниот одбор најмалку 5 ( пет) дена пред нејзиното одржување, по исклучок истите може да се доставуваат во пократок рок.

## VI. КВОРУМ ЗА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ И НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 19**

Надзорниот одбор може да работи и одлучува кога на седницата се присутни најмалку 1/2 од вкупниот број на членови.

За присутни на седницата се сметаат и членовите кои користат конференциска, телефонска врска или друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите седници се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин. Учеството на седници се запишува во записникот на Надзорниот одбор кој го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата организирана на ваков начин.

**Член 20**

Ако некој член има судир на интерес има обврска тоа да го најави на почетокот на седницата и да ја напушти седницата кога ќе се разгледува и одлучува по точката на дневниот ред, односно по предлог материјал предложен во истата.

Во случај на постоење на судир на интереси, членовите на Надзорниот одбор, пред одржување на седницата, даваат писмена изјава до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на Банката, во која се наведува основот од кој произлегува судирот помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

Најавениот судир на интерес, давањето на изјава за постоење на судир на интерес и напуштањето на седницата се евидентира записнички.

Детални критериуми за идентификување и решавање на судир на интереси е регулирано во Политиката за идентификување и спречување на судир на интереси.

**Член 21**

Надзорниот одбор на Банката на својата седница одлучува во форма на одлуки, заклучоци, мислења, ставови и препораки, кои се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од членовите на Надзорниот одбор. Влегуваат во сила од денот на донесувањето, освен ако од истите не произлегува друг датум на влегување во сила.

Во случај на изедначен број на гласови, гласот на Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство гласот на заменик – претседателот на Надзорниот одбор е одлучувачки.

**Член 22**

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување на седница за што сите членови на Надзорниот одбор даваат согласност за одлуката која се донесува без одржување на седница.

Одлуките донесени на овој начин влегуваат во сила со денот на давањето на согласност од страна на членовите на Надзорниот одбор.

Давањето на согласноста се врши со своерачен потпис или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

За сите одлуки донесени на начин од претходниот став на овој член се подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките.

Записникот за одлуки донесени без одржување на седница (со писмена согласност) се изготвува и потпишува во рок од 30 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која е донесена без одржување на седница.

**Член 23**

Членовите на Надзорниот одбор не учествуваат во донесување на одлуки во случај на постоење на судир на интереси

## VII. РАБОТА НА СЕДНИЦАТА

**Член 24**

Седницата на Надзорниот одбор ја отвора и со неа раководи Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик - претседателот.

Во случај на отсуство на Претседателот и заменик претседателот на Надзорниот одбор, членовите на Надзорниот одбор избираат еден од присутните членови да ја води седницата.

**Член 25**

Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик – претседателот, раководејќи со работата на седницата треба:

- да ја надгледува работата на надзорниот одбор и неговите комисии;
- да го утврдува дневниот ред на состаноците на надзорниот одбор, да ги свикува и претседава со состаноците и да се грижи работата на седницата да тече според утврдениот дневен ред;
- да се грижи членовите на надзорниот одбор да добиваат целосни и навремени информации за да тие имаат доволно време да се подготват и да донесат соодветни одлуки;
- да им дава збор на присутните членови и на останатите учесници на седницата кога тоа тие ќе го побараат и да се грижи членовите на надзорниот одбор да имаат доволно време за дискусија на состаноците пред да донесат одлуки;
- да го усмерува текот на седницата согласно утврдениот дневен ред;
- да се грижи за правилно формулирање на одлуките, заклучоците, мислењата, ставовите, препораките и актите донесени на седницата и да се грижи записникот од одржаните состаноци на надзорниот одбор да биде уредно составен;
- да ја иницира постапката за оцена на работата на надзорниот одбор;
- да врши други должности утврдени во законот.

**Член 26**

На седницата на Надзорниот одбор присуствуваат и членовите на Управниот одбор на Банката.

На седницата може да бидат поканети и други лица за кои ќе одлучи Надзорниот одбор, без право на глас.

**Член 27**

По исклучок во определени случаи на предлог на Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот, Надзорниот одбор може да одлучи определена седница или само нејзин дел да се одржи без присуство на други лица, освен оние кои ќе ги определи Надзорниот одбор.

**Член 28**

По отворањето на седницата, Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот утврдува дали е присутен потребниот број на членови за да може Надзорниот одбор да работи и полноважно да одлучува.

**Член 29**

Ако на седницата не присуствуваат потребен број членови на Надзорниот Одбор, Претседателот, а во негово отсуство заменик - претседателот ќе ја одложи закажаната седница и ќе закаже нова седница во рок не подолг од 15 дена.

Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик – претседателот во случај на одложување на седницата поради немање кворум, може веднаш, во договор со присутните членови на Надзорниот одбор да го одреди времето за одржување на нова седница за што по писмен пат се известуваат останатите неприсутни членови на Надзорниот одбор.

**Член 30**

Ако на седницата присуствува потребниот број на членови на Надзорниот одбор, Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот го предлага дневниот ред на усвојување.

Секој член на Надзорниот одбор има право да предложи измена и дополнување на предложениот дневен ред. Доколку има предлози за измена и дополнување на дневниот ред, членовите на Надзорниот одбор најпрво се изјаснуваат за предложената измена и дополнување, а потоа се усвојува дневниот ред.

Предложените измени и дополнувања како и дневниот ред во целина се сметаат за усвоени ако за нив се изјаснат повеќето од половината од присутните членови на Надзорниот одбор.

Ако за предложените измени и/или дополнувања на дневниот ред е потребно дополнително проучување или надополнување, истите се одлагаат за наредната седница.

**Член 31**

По усвојувањето на дневниот ред се пристапува кон разгледување на материјалите по одделните точки од дневниот ред според редоследот во усвоениот дневен ред.

Расправата се води по точката од дневниот ред се додека истата не се исцрпи (заврши).

Доколку тоа е потребно, пред да се отвори расправата, за одделни точки од дневниот ред воведно образложение даваат Претседателот на Управниот одбор, членовите на Управниот одбор и преставниците од редот на стручната служба на Банката.

Учеството во расправата се врши со усно пријавување и давање збор од страна на Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик – претседателот по редот на пријавувањето.

Во расправата можат да се вклучат и лицата што не се членови на Надзорниот одбор, но само со цел да дадат појаснување по одделни прашања од дневниот ред.

**Член 32**

Во расправата Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик – претседателот кај учесниците инсистира на конструктивност, придржување кон точката на дневен ред и материјалот што се расправа, со потенцирање доколку се има поинакво мислење, став, препорака, заклучок или одлука од предложеното во материјалот да се формулира и даде во вид на предлог.

**Член 33**

Во оправдани случаи Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик – претседателот може да го ограничи времето за дискусија.

**Член 34**

По констатацијата на Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот дека по одделната точка од дневниот ред дискусијата е исцрпена, се предлага изјаснување со гласање.

**Член 35**

Пред да се пристапи кон гласање, Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот врз основа на дискусијата го формулира предлогот по кој треба да се гласа.

Предлогот треба да биде правилно и јасно формулиран.

Доколку по одредена точка од дневниот ред се истакнат повеќе предлози, посебно се гласа за секој предлог и тоа по оној редослед по кој се предложени.

Предлогот е усвоен ако го добие потребното мнозинство на гласови.

Гласањето по предлогот се врши поименично.

**Член 36**

По извршеното гласање Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот ги утврдува резултатите од гласањето, ги објавува и врз основа на истите констатира дали одлуката/актот се донесени/усвоени или не.

**Член 37**

Членот на Надзорниот одбор може да гласа “ЗА” предлогот и “ПРОТИВ” предлогот што се констатира и записнички.

Членот на Надзорниот одбор има право да побара во записникот да се внесе и причината зошто гласал “ЗА” односно “ПРОТИВ” предлогот.

**Член 38**

Кога ќе се исцрпи дневниот ред, Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот ја заклучува седницата на Надзорниот одбор.

## VIII. ВОДЕЊЕ НА ЗАПИСНИК

**Член 39**

За текот на седницата на Надзорниот одбор се води записник.

Записникот содржи податоци за: времето и местото на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале на седницата, предложениот и усвоениот дневен ред на седницата, учесниците во расправата-дискусијата, кратка содржина на воведното излагање и предлозите на учесниците во расправата-дискусијата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале “ЗА” и “ПРОТИВ” по однос на одлуките/актите донесени/усвоени на седницата, а по барање на член на Надзорниот одбор и причините зошто гласал “ЗА” односно “ПРОТИВ” по однос на предлогот, најавениот судир на интерес, давањето на изјава за постоење на судир на интерес и напуштањето на седницата и по кои прашања кои биле предмет на разгледување и одлучување.

Донесените/усвоените одлуки/акти на седницата се составен дел на записникот од таа седница.

**Член 40**

Записникот го води лице вработено во Банката.

Записникот, евентуалните магнетофонски снимки и оригиналниот материјал од седницата ја сочинуваат документацијата на седницата.

Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кои биле присустни на седницата. Записникот го потпишува и Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот

**Член 41**

Записникот се става на усвојување на наредната седница на Надзорниот одбор како прва точка на дневниот ред.

Ако на записникот има забелешки, записникот се усвојува со усвоените забелешки кои се внесуваат во записникот на седницата кога се усвојува записникот.

## IX КОМИСИИ И ПОМОШНИ ОДБОРИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

**Член 42**

Кога Надзорен одбор ќе утврди дека има потреба или кога тоа е утврдено во општ акт може да формира постојани и времени комисии од редот на своите членови и од други лица. Овие комисии не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Надзорен одбор, нити можат да им се пренесат нивните права и обврски.

Комисиите се формираат од постојани членови и нивниот состав секогаш е со непарен број на членови. Комисијата може со решение на претседателот на комисијата за вршење на одделни работи повремено да ангажира експерти и други стручни лица или да формира експертски или стручни работни тела на комисијата /експертски или стручен тим/.

Комисиите работаат на состаноци коишто ги свикува и со кои раководи претседателот на комисијата. Административните работи на комисиите ги вршат вработени лица определени од Управниот одбор на Банката.

Поблиските услови, содржината на работа и начинот на работењето на комисиите се уредуваат со деловникот на Надзорниот одбор и соодветните општи акти во согласност со овај статут.

**Член 43**

Од редот на своите членови, Надзорниот одбор на Банката формира помошни одбори што му помагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности.

Надзорниот одбор формира посебен Одбор за наградување за надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за наградување.

Надзорниот одбор на Банката формира Одбор за именување за надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор.

Покрај одборите од претходниот став, Надзорниот одбор може да формира и други одбори коишто му помагаат во спроведување на неговите надлежности.

Поблиските услови, начинот на работењето, мандатот, обемот на активности на овие одбори како и начинот на известување на Надзорниот одбор се уредуваат со посебни интерни акти на Банката.

## X. УЛОГА НА РАКОВОДИТЕЛОТ НА СЛУЖБАТА СЕКРЕТАРИЈАТ ВО РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА БАНКАТА

**Член 44**

Улогата на компанискиот секретар во работата на Надзорниот одбор е:

- навремено да обезбеди доставување на предлог дневен ред и материјали на сите членови на Надзорниот одбор, односно на сите членови на комисиите и помошните одбори формирани од Надзорниот одбор,

- да обезбеди организациска и професионална поддршка на претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсутво заменик – претседателот, односно на претседателите на комисиите и помошните одбори формирани од Надзорниот одбор,

- да го советува Надзорниот одбор, комисиите и помошните одбори за нивните одговорности и законски обврски,

- да присуствива и води записник на состаноците на Надзорниот одбор комисиите и помошните одбори,

- да обезбеди правилно спроведување на постапките утврдени во овој Деловник,

- да му помага на Надзорниот одбор и, доколку тоа од него се побара, на Управниот одбор, со цел да се подобри ефикасноста и квалитетот на нивната работа, меѓу другото, и преку организирање обуки на членовите,

- да организира собрание на акционери и да обезбеди постоење на јасна комуникација со акционерите за тоа како тие можат да ги остварат своите права, и

- да извршува други административни задачи поврзани со корпоративното управување на Банката.

## IX. ДРУГИ ОДРЕДБИ

**Член 45**

Одлуките и актите што ги донесува/усвојува Надзорниот одбор ги потпишува Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот а ги спроведува Управниот одбор на Банката преку стручните служби на Банката.

Доколку документите наведени во претходниот став не се дооформени стручната служба на Банката е должна да ги дооформи во рок од три дена од одлучувањето и така уредно изготвени да ги достави до Надзорниот одбор на Банката.

**Член 46**

Годишниот Извештај за работа кој Надзорниот одбор го доставува до Собранието на акционери на Банката и во кој е содржана годишната оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно го потпишува Претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик –претседателот

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

Овој Деловник влегува во сила од денот на донесувањето.

Со влегување во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр.02-4367/2 од 28.04.2017 година.

**Претседавач со седница на НО**

**Борислав Трповски**

ТТК БАНКА АД 2 СКОПЈЕ